**ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА НЛБ МПРОКЛИК АПЛИКАЦИЈАТА И ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ**

## Општи правила и услови за користење на НЛБ мПроклик апликацијата

## Воведни одредби

Овие општи правила и услови ги пропишуваат правата и обврските на Корисникот на апликацијата НЛБ мПроклик и НЛБ Банка АД Скопје , поврзани со користењето на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија.
За се што не е уредено со овие општи правила и услови или пак постојат одредени неусогласености, предност ќе имаат и соодветно ќе се применуваат одредбите од :

- Општи услови за отварање и водење на денарска трансакциска сметка за домашни правни лица
- Договор за овозможување на услуги за електронско банкарство за правни лица во платниот промет во земјата и во странство

Одлуката за тарифа на надоместоци на услуги на НЛБ Банка АД Скопје, претставува составен дел на овие Општи правила и услови.

Сите термини употребени во овие Општи правила и Услови за користење го имаат истото значење како и термините употребени во Општи услови за отварање и водење на денарска трансакциска сметка за домашни правни лица и одредбите од Договор за овозможување на услуги за електронско банкарство за правни лица во платниот промет во земјата и во странство освен доколку поинаку не е дефинирано во овие Општи правила и услови за користење.

**Дефиниција на термини**

**Општи правила и услови** претставуваат општи правила и услови за користење на услугата NLB мПролик мобилно банкарство, применливи на денот на активирање на услугата:

**Банка** - НЛБ Банка АД Скопје (седиште: Мајка Тереза бр 1, 1000 Скопје);

**Корисник** претставува физичко лице кое од страна на управителот/те на одредено правно лице е овластено за пристап до сметките и продуктите на правното лице во Електронско Банкарство на НЛБ Банка за правни лица и кое се согласува со Општите услови за користење на апликацијата. Корисник не може да биде лице кое не е корисник на Електронско банкарство на НЛБ Банка за правни лица.

**Мобилно банкарство** за Правни лица– претставува дел од Електронското банкарство за Правни лица на Банката односно услуга која може да се користи преку специјализирана апликација наменета за мобилни уреди со прифаќање на Општите услови и Политиката на приватност за користење на истата.

Услугата мПроклик мобилно банкарство се однесува на конкретна компанија за чии сметки и/или продукти е овластен одреден корисник кој ја активира апликацијата за Мобилно банкарство за правни лица. Доколку еден корисник е овластен за пристап во Електронското банкарство за правни лица до сметки / продукти на повеќе компании, со активирање на апликацијата, услугата станува активна за секоја од компаниите за чии сметки е овластен корисникот кој ја активирал апликацијата.

**Апликацијата мПролик Македонија** - претставува интегрирано софтверско решение кое овозможува корисникот да пристапи до своите денарски сметки и бизнис картички во Банката, да извршува различни плаќање во денарскиот платен промет, да пристапува до содржини на Банката како и да добива различни типови на известувања од Банката.

**Уред** означува мобилен телефон (паметен телефон), таблет или друг дигитален уред на кој може да се инсталира и употребува апликацијата НЛБ мПроклик Македонија. Апликацијата НЛБ мПроклик Македонија може да се инсталира на повеќе од еден уред.

**Маркет за апликации** – платформи за превземање на апликации базирани на одреден оперативен систем. НЛБ мПроклик Македонија може да се превземе преку Google Play и AppGalery за уреди со Android оперативен систем и App Store за уреди со iOS оперативен систем.

**Оперативен систем** - НЛБ мПроклик апликацијата може да се инсталира на уреди кои поддржуваат Android оперативен систем и iOS оперативен систем при што минималната поддржана верзија на Android оперативен систем на која може да се инсталира НЛБ мПроклик апликацијата е 4.1 додека минималната поддржана верзија на iOS оперативен систем на која може да се инсталира НЛБ мПроклик апликацијата е 8.0.

**Број на мобилен телефон** претставува број на мобилен телефон на кој корисникот добива код за активирање на апликацијата или други информации поврзани со користење на апликацијата. Бројот на мобилен телефон кој корисникот го користи за активирање на НЛБ мПроклик апликацијата е бројот кој корисникот го има депонирано во Банката при претходно користење на некоја од услугите на електронското банкарство за правни лица или бројот кој корисникот го внесува при активирање на апликацијата.

**Упатства за употреба на апликацијата НЛБ мПроклик -** достапни во рамките на апликацијата.

**Активна интернет конекција** – за да може да се активира и да се користи апликацијата НЛБ мПроклик Македонија потребно е уредот на кој корисникот сака да ја инсталира и да ја користи да има интернет конекција.

**Сигурносни елементи -** се лозинките, отпечатокот од прст и други видови сигурносни елементи наменети за пристап до мобилниот уред и активација на услугата НЛБ мПроклик Македонија.

**Тарифа на надоместоци на услугите на НЛБ Банка АД Скопје** – Одлука за тарифата на надоместоци за услугите кои ги врши Банката со која се регулирани сите задолжувања за износот на трансакциите, провизиите, членарините и надоместоците кои настануваат со користење на услугата.

**Аплицирање за услугата НЛБ мПроКлик мобилно банкарство**

Услугата НЛБ мПроклик мобилно банкарство може да се користи само доколку корисникот кој сака да ја користи услугата е корисник на Електронско банкарство за правни лица и има активиран профил преку кој пристапува до НЛБ Проклик апликацијата.

Во рамките на својот НЛБ Проклик профил корисникот потребно е да потпише електронски налог за додавање на мобилен уред во кој потребно е да се согласи со условите за користење на услугата НЛБ мПроклик мобилно банкарство и да го потврди или промени бројот на мобилен телефон на кој ќе го добие активацискиот код за активирање на апликацијата.

Корисникот го потпишува налогот за додавање на мобилен уред со дигитален сертификат запишан на токен или МАС потпис генериран преку соодветна мобилна апликација, доколку во својот НЛБ Проклик профил има барем една сметка за која има привилегија за потпишување налози или со лозинката која се користи за најава на НЛБ Проклик доколку во својот НЛБ Проклик профил има само сметка/и за кои има привилегии за преглед.

По потпишување на налогот за додавање на уред се генерира QR код кој содржи активациски код со помош на кој се активира апликацијата.

**Активирање на апликацијата**

По превземање на апликацијата од соодветната продавница за апликации и инсталирање на мобилниот уред, корисникот потребно е да ја избере опцијата дека е корисник на НЛБ Проклик. Опцијата „не е корисник на НЛБ Проклик “ има информативен карактер односно му посочува на

корисникот дека потребно е да аплицира за електронско банкарство доколку сака да ја користи апликацијата.

Корисникот потребно е да го скенира QR кодот кој што го генерира преку неговиот НЛБ Проклик профил (или да го внесе рачно во апликацијата) и да го испрати кон Банката, по што добива смс порака со активациски код кој корисникот потребно е да го употреби односно да го внесе во апликацијата во даден временски период, во спротивно истиот станува невалиден.

По внесување на активацискиот код во самата апликација, корисникот креира личен пин код за следна најава на апликацијата а опционално може да се определи за најава со употреба на биометрија, доколку уредот на кој ја активира апликацијата поддржува таква можност
Активацијата е завршена кога корисникот ќе пристапи до својот кориснички профил.

Апликацијата НЛБ мПроклик може да се активира на повеќе од еден уред при што за додавање на нов уред на кој ќе се користи услугата мПроклик мобилно банкарство, потребно е да се поднесе и потпише налог за додавање на нов уред и да ја спроведе горенаведената постапка за активирање на апликацијата.

Доколку апликацијата повторно се активира на уред кој веќе е регистриран, потребно е само да се потпише налог за генерирање на нов активациски код кој може да се употреби само за конкретен уред за кој е побарано препраќање на активациски код.

Во случај кога еден корисник е овластен за пристап во Електронското банкарство за правни лица за сметките / продуктите на повеќе компании, со активирање на апликацијата мПроклик Македонија услугата мПроклик мобилно банкарство се активира за сите компании за чии сметки е овластен корисникот во Елктронското банкарство на НЛБ Банка за правни лица.

**Користење на апликацијата**
За да може да се користи НЛБ мПроклик апликацијата, потребен е пристап и употреба на одредени дозволи и привилегии на самиот уред, заради што корисникот задолжително треба да ги прифати со давање на согласност за употреба на истите во процесот на инсталација и активација.

**Управување со уредите преку кои е активирана апликацијата НЛБ мПроклик**
Корисникот има можност преку профил на НЛБ ПроКлик сервисот за електронско банкарство да додава нови уреди на кои ќе се активира апликацијата, да генеира нов активациски код за повторно активирање на апликацијата на ист уред или да деактивира уреди на кои е активирана апликацијата. Корисникот исто така може да ги избрише сите уреди на кои е активирана апликацијата. За секоја од наведените можности корисникот потребно е да потпише соодветен налог, при што еден налог се однесува само за еден уред во зависност од избраната опција.

**Деактивирање на услугата мПроклик мобилно банкарство**
Со оглед на тоа што услугата мПроклик мобилно банкарство е врзана за компанија, за да се смета дека услугата за одредена компанија е деактивирана, потребно е да бидат избришани сите уреди преку кои се пристапува до сметките на конкретна компанија, независно дали станува збор за уреди на еден или повеќе корисници кои преку апликацијата пристапуваат до сметките на конкретна компанија. Со деативирање на услугата Електронско банкарство за одредена компанија, автоматски се деактивира и услугата мПроклик мобилно банкарство доколку истата е активирана. Во случај кога одреден корисник која ја има активирано апликацијата мПроклик Македонија, повеќе не е овластен во Електронското банкарство за правни лица за сметките / продуктите на одредена компанија, со неговото деактивирање се деактивира и услугата мПроклик мобилно банкарство доколку тој е единствен корисник кој ја користи услугата мПроклик мобилно банкарство за конкретната компанија.

Важна напомена: Корисникот треба да има предвид дека услугата НЛБ мПроклик не е деактивирана доколку ја деинсталира / избрише апликацијата од мобилниот уред

**Начин на потпишување на плаќањата, договорната и друга документација во рамките на апликацијата**

Во рамките на апликацијата, постои вграден софтверски електронски потпис кој го идентификува корисникот односно трансакцијата, документацијата и согласностите што притоа ги потпишува. Овој тип на потпис може да биде и во форма на ОТП (еднократен код) испратен до корисникот, со кој што ја потврдува/потпишува трансакцијата однсно документацијата или согласноста. Електронските системи за потпишување на документацијата и платните налози преку системите на електронско банкарство се сметаат за идентични со оригиналниот потпис и согласност на клиентот.

**Известувања до корисникот**
Известувањата доставени до корисникот а преку нотификацискиот сервис во форма на нотификација, и порака во сандаче, се сметаат за официјални известувања за корисникот.

**Безбедност на апликацијата НЛБ мПроклик и уредот на кој истата се користи**
Корисникот се обврзува:

- Внимателно да се грижи и да го заштити уредот како добар домаќин, т.е. да спречи истиот да биде изгубен, украден и/или злоупотребен и да не дозволи употреба од страна на други лица,
- Внимателно да се грижи како добар домаќин за безбедноста на сигурносните елементи кои се користат на уредот при користење на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија,
- Да превземе одговорност за настаната штета поради злоупотреба или доброволно предавање на сигурносните елементи за автентикација, губење на податоци, неовластен пристап до податоци на Корисникот од страна на други лица,
- да се погрижи дека апликацијата НЛБ мПроклик Македонија е деинсталирана од уредот на кој е инсталирана и дека сервисот е деактивиран согласно постапката за деактивација, во услови кога тој уред веќе функционално не се употребува од страна на Корисникот или кога уредот се отуѓува
- да ја информира Банката, преку експозитурите на НЛБ Банка, преку Контакт центарот на 02/15-600 или на друг начин овозможен од страна на Банката за било какви промени поврзани со мобилниот телефонски број,
- да има безбеден пристап до уредот со сигурносен елемент, односно мобилниот уред на кој е активирана услугата НЛБ мПроклик мобилно банкарство да не биде без сигурносен елемент за активирање,
- да ја употребува апликацијата НЛБ мПроклик Македонија во согласност со упатствата за употреба на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија, Општите правила и услови и важечките прописи,
- веднаш да ја извести Банката, за било какви нерегуларности при функционирањето на услугата НЛБ мПроклик мобилно банкарство,
- на уредот да не употребува или инсталира било какви компјутерски кодови, сомнителен софтвер или други инсталации што би можеле да оневозможат непречено функционирање на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија;
- да употребува уред на кој не е модификуван оригиналниот софтвер и хардвер
- да преземе целосна одговорност пред Банката во случај на штета предизвикана поради употреба на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија спротивно на овие општи правила и услови,
- ќе ја информира Банката за било каква неовластена употреба, сомнеж за неовластена употреба или можност за неовластена употреба на уредот (на пр. ако трета страна на било кој начин дознала за сигурносните елементи), кражба или губење на мобилниот уред, и во тој случај потребно е да побара услугата НЛБ мПроклик мобилно банкарство да биде блокирана,
- да ги следи известувањата од соодветната продавница за апликации на уредот и постојано да презема/ажурира нови верзии на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија,
- редовно да ги следи известувањата од Банката поврзани со употребата на услугата НЛБ мПроклик мобилно банкарство преку апликацијата НЛБ мПроклик Македонија или официјалната веб страница на Банката (www.nlb.mk)

Банката го задржува правото да го спречи пристапот на Корисникот до услугата НЛБ мПроклик мобилно банкарство доколку:

- има било какво сомнение за неовластен пристап до апликацијата НЛБ мПроклик Македонија,
- мобилниот уред на кој е инсталирана апликацијата НЛБ мПроклик Македонија на Корисникот е изгубен или украден,
- Корисникот не ја преземал/ажурирал новата верзија на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија кога истата била достапна,
- Корисникот не ги почитува овие Општи правила и услови,
- Банката не ја нуди услугата НЛБ мПроклик мобилно банкарство, за што Банката ќе го информира Корисникот.

**Обврски на Банката**
Банката се обврзува да:

- ги извршува своите обврски во согласност со овие Општи правила и услови,
- го информира Корисникот за било какви измени и/или дополнувања на Општите правила и услови и Одлуката за тарифа на надоместоци на услуги што ги врши НЛБ Банка Скопје,
- го информира Корисникот кога Банката ќе одлучи повеќе да не ја обезбедува услугата НЛБ мПроклик мобилно банкарство.

Банката нема да биде одговорна за штети настанати поради причини кои Банката не можела да ги спречи или избегне и не се во нејзин домен на работење како и во случај на штета настаната поради „виша сила".Банката не одговара за било каков дефект на мобилниот уред, вклучувајќи го и оној предизвикан од вирус.

**Заштита на податоци**
Со активација на услугата, Корисникот се согласува дека Банката може да ги обработува неговите лични податоци (вклучувајќи и ЕМБГ) во согласност со Општите правила и услови и во согласност со законската и подзаконска регулатива од оваа област на уредување. Корисникот со прифаќање на овие Општи услови, е запознаен дека податоците нема да бидат откриени на трети страни и истите по остварување на целта заради која се прибрани ќе бидат соодветно избришани. Податоците се користат само за целта наведена погоре и Банката на сигурен и безбеден начин ги прибира и постапува со истите.

**Надоместоци**
Месечните надоместоци за користење на услугата мПроклик мобилно банкарство како и провизиите за налози реализирани преку мобилно банкарство се во согласност со важечката Одлука за тарифа на надоместоци на услугите што ги врши НЛБ Банка и Општите правила и услови
Во случај на промена на Тарифата на надоместоци на НЛБ Банка Скопје, Корисникот се смета дека е известен преку објава на официјалната веб страница на Банката на денот на објавување.

## Политика за приватност

Политиката за приватност ги дефинира актуелните политики на НЛБ Банка АД Скопје и претставува ветување за финансиска приватност на клиентот. Оваа политика за приватност исто така опишува за која цел мобилната апликација НЛБ мПроклик Македонија ги собира, пристапува и обработува Ваши податоци и како е заштитена Вашата приватност.
Ве молиме пред користење на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија внимателно да ја прочитате оваа политика и да бидете во чекор со сите промени за да бидете сигурни дека навремено сте информирани и запознаени со заштитата на Вашите лични податоци.
Со пристапување на апликацијата НЛБ мПроклик, Вие се согласувате да бидете обврзани на овие услови.
Со користењето на НЛБ мПроклик Македонија, Вие се согласувате дека Вашите податоци ќе бидат прибирани и обработувани во согласност со Општите услови за отворање и водење на трансакциска сметка за правни лица, Договорните клаузули од Договорот за електронско

банкарство за правни лица, Општите правила и услови за користење на НЛБ мПроклик Македонија како и во согласност со оваа политика за приватност.

**Зошто ги собираме, пристапуваме и обработуваме Вашите податоци**
НЛБ Банка АД Скопје нуди и продава финансиски услуги и производи на клиентите. Со цел на клиентите да им обезбеди увид кон целосната палета на функционалности, на мобилната апликација НЛБ мПроклик Македонија и е потребен пристап до дел од податоците на клиентот кои се чуваат во личниот мобилен уред дефинирани подолу во Политиката за приватност.
Со цел да обезбеди целосен пристап до функционалностите, апликацијата НЛБ мПроклик Македонија, има потреба и пристапува до некои од податоците и компонентите зачувани на Вашиот уред. Банката ги собира и обработува податоците на Корисниците на услугата НЛБ мПроклик Македонија за тоа како Корисниците ја употребуваат апликацијата, со цел нејзино понатамошно подобрување. Со анализа на собраните податоци, НЛБ Банка АД Скопје може да ги прилагоди нејзините функционалности во согласност со потребите на Корисниците, да ги оптимизира нејзините перформанси, да ја подобри безбедноста и да го имплементира искуството на Корисниците и да ја прилагоди нејзината содржина според интересите на Корисниците.

**Заштита на Вашата приватност**
Податоците собрани за целите на оваа Политика, НЛБ Банка АД Скопје ги обработува на ниво на кориснички групи, што значи дека не е можно да се идентификува одреден корисник, нивните лични податоци или какви било детали поврзани со нивната лична употреба на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија.

**Собирање, пристап и обработка на податоци**
Мобилната апликација НЛБ мПроклик Македонија ги презема следите типови на податоци од вашиот телефонски уред:
**Пронаоѓање на кориснички сметки на уредот**
На апликацијата и е потребен пристап до корисничките сметките на уредот поради компатибилност.
**Директно телефонско јавување**
На апликацијата и е потребна дозвола за повикување на телефонски броеви кон Контакт центарот.
**Читање на идентитетот и состојбата на телефонот**
Апликацијата има потреба од оваа дозвола од безбедносни причини.
**Целосна привилегија за мрежен пристап, преглед на мрежни конекции, преглед на Wi-Fi конекции и добивање на податоци од интернет**
На апликацијата и е потребен пристап до интернет.
**Модификување, бришење на содржината на Вашата SD картичка, читање на содржината од Вашата SD картичка**
На апликацијата и се потребни овие дозволи за зачувување на податоци во податочниот систем. Пример зачувување на податоци во PDF формат.
**Користење на уред за биометриски податоци**
На апликацијата и е потребна оваа привилегија за автентикација со биометриски податоци
**Локациски сервис**
Потребен за користење на функционалности кои побаруваат детекција на локација, како мапа и локатор на АТМ и екпозитури на Банката
**Пристап до камера**
Неопходно за скенирање на QR кодот потребен за активирање на апликацијата

**Пристап до Google сервиси**
Неопходно за користење на Google мобилните сервиси, како што е нотификацискиот сервис.

Оваа апликација собира и одредени податоци за статистичка анализа, користејќи ги вградените аналитички алатки.

**Детали за уредот**
На НЛБ Банка АД Скопје и се потребни информации за телефонскиот уредот кој го употребувате, за да може да ја ажурира апликацијата, да тестира и одобри нови типови на мобилни уреди, да ја подобри апликацијата и/или нејзините функционалности како и за статистичка анализа на ниво на кориснички групи. Информациите за мобилните уреди што се

следат се на пример, бренд (на пр. LG, Samsung, Sony, итн.), модел (на пр. Samsung A5 2017), оперативен систем (на пр. Android 7.1) како и сериски број.

**Детали за апликацијата НЛБ мПроклик Македонија**
На НЛБ Банка АД Скопје и се потребни информации за тоа како се употребува мобилната апликација, за статистички анализи на ниво на кориснички групи, кои служат како основа за прилагодување на функционалностите кон потребите на Корисниците, оптимизирање на нејзината изведба, подобрување на безбедноста и искуството на корисниците како и прилагодување на нејзината содржина кон вашите интереси. Со овие податоци следиме која онлајн продавница е користена за преземање или ажурирање на апликацијата, која верзија е инсталирана, колку долго е употребувана НЛБ мПроклик Македонија, кои функционалности и како се употребувани (на пр. до кои екрани пристапувате, колку долго итн.)

**Детали за пристапот на корисниците**
Одлуката кои информации ќе сакате да ги споделите со нас е оставена на Вас, и вие можете да направите ограничувања на пристапот на апликацијата НЛБ мПроклик Македонија на некои од горе споменатите компоненти со промена на подесувањата во Вашиот мобилен уред. Ве молиме имајте предвид дека ако го ограничите пристапот до некои од функционалностите, апликацијата НЛБ мПроклик Македонија нема да биде овозможена.

**Измени на Општите правила и услови за користење и Политиката за приватност**
НЛБ Банка АД Скопје може да ја промени содржината и/или услугите кои се наоѓаат на НЛБ мПроклик Македонија, како и Општите правила и услови и Политиката за приватност. Во случај на Промена на Општите правила и услови за користење и Политиката за приватност, истите ќе бидат објавени на официјалната веб страница на Банката (www.nlb.mk) како и достапни во самата апликација.